**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09-06-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3132 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 мај 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 9 јуни 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

6. **Претходно изречена мерка:** *На 4.04.2016 година, за непочитување на член 14 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-233, 4.04.2015 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје.*
   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на решението (4.04.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:** Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21–М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 27 мај 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***